Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. _____

Охрид, _____20____ год.

Врз основа на член 110, точка 13 во врска со член 21, став 3, точка 4 од Законот за високото образование и член 54 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Наставно-научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на седница одржана на 21.10.2022 година, го донесе следниов

Д Е Л О В Н И К
За работа на Наставно-научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид

I. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Член 1

Со овој Деловник се уредуваат правилата за работа (начин на работа, одлучување и друго) на Наставно-научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Наставно-научен совет/ННС).

Член 2

Составот, надлежноста и начинот на одлучување Наставно-научниот совет се утврдени со Законот за високото образование, со Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, со Статутот на факултетот и со овој Деловник, а согласно утврдените правила во Законот за општата управна постапка.

II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ННС

Член 3

Членовите на ННС имаат права и должности утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот, Статутот на факултетот и другите акти на Универзитетот и Факултетот.

Права на членовите на ННС

Член 4

Членот на ННС има право да присуствува на седницата, да предлага дневен ред или дел на дневен ред за седницата, активно да учествува во работата на ННС и да го изнесува своето мислење и својот став по одредено прашање.

Член 5

Членот на ННС има право од деканот, односно од продеканот/те во рамките на нивните надлежности, од раководителите на внатрешните организациони единици на Факултетот (катедри, оддели и сл.) и од службите на Универзитетот да бара потребни објаснувања и информации во врска со определени прашања што се од надлежност и се разгледуваат на ННС.

Членот на ННС има право да поставува прашања во врска со дневниот ред на седницата на ННС и да бара одговори на поставените прашања. Одговорите на поставените прашања се даваат на истата седница или на првата наредна седница на ННС (усно или во писмена форма).

Член 6

Членот на ННС има право да учествува во претресот на предлозите на општите акти и други прашања и материјали што се на дневен ред и право да предлага општи акти, од надлежност на ННС.

Член 7

Членот на ННС има право на глас по предлозите на актите што се на дневен ред на седницата на ННС. Членот на ННС може и да се воздржи од гласањето.

Член 8

Членот на ННС има право на дискусија до 5 (пет) минути, а како предлагач на акт до 10 (десет) минути.

Должност на членовите на ННС

Член 9

Членот на ННС е должен да присуствува на секоја седница на ННС.

Член 10

Членот на ННС е должен да седи на одредено место заради утврдување на присутноста и резултатите од гласањето.

Член 11

Членот на ННС е должен активно и одговорно да ја врши својата функција, а особено:

– да се подготвува за секоја седница на ННС;

– на седницата на ННС јасно и определено да го изнесува своето мислење за прашањата што се на дневен ред и

– повратно да ги информира и да ги запознае и другите членовите, односно вработени во својата внатрешно-организациона единица (катедра, оддел и сл.), односно Факултетското студентско собрание за работата на ННС и за прашањата што се на дневен ред.

Член 12

Членот на ННС е должен да се придржува кон пропишаниот ред на седницата. За повреди на редот на седницата, спрема член на ННС или на друго присутно лице, може да му бидат изречени мерки.

Член 13

Членот на ННС, или друго присутно лице, е должен да ја чува тајната определена и класифицирана согласно со закон и со актите на Универзитетот.

Како тајна се сметаат и податоците што членот на ННС или друго присутно лице ќе ги дознае на седницата на ННС или на седница на комисија во врска со прашањето за кое се расправа без присуство на јавноста. Како тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на ННС, а како такви се означени како тајна.

III ПОДГОТОВКА НА СЕДНИЦА НА ННС

Член 14

Седниците на ННС на Факултетот ги свикува, го предлага дневниот ред и со нив претседава и раководи деканот на Факултетот. Во отсуство на деканот на Факултетот по негово овластување со седницата претседава и раководи продеканот, односно еден од продеканите на Факултетот. Деканот на Факултетот свикува седница на ННС на Факултетот по сопствена иницијатива или по потреба.

Деканот на Факултетот, односно продеканот е должен во рок од 8 (осум) дена да свика седница на ННС доколку тоа го побараат и 1/3 од неговите членови, Деканатската управа на Факултетот или една катедра со писмено образложено барање. Доколку деканот, односно продеканот на Факултетот не свика седница на ННС на Факултетот во рок од 8 (осум) дена од денот на поднесеното писмено образложено барање од став 4 на овој член, седницата ја свикува и со неа претседава најстариот професор.

Член 15

Седница на ННС на Факултетот се свикува со доставување на акт - покана за седница која особено содржи: означување на седницата, датум, време и место на одржување на седницата, предлог на дневниот ред и лицата кои на седницата треба да се повикаат.

Член 16

Предлогот на дневниот ред за седницата на ННС го утврдува деканот на Факултетот во соработка со продеканот/те и секретарот на Факултетот.

Член 17

Предлогот на дневниот ред за седницата на ННС по правило се утврдува врз основа на подготвените акти и материјали.

Предлогот на дневниот ред за седницата на ННС се утврдува и по барање на органите на Универзитетот, барањата доставени од страна на внатрешните организациони единици (раководители на катедри, оддели и сл.) и од претседателот на Факултетското студентски собрание, кои како такво/и преку архивата на Факултетот, го доставуваат најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на седницата.

Сите материјали пристигнати по рокот од став 2 на овој член нема да бидат вклучени како точки во дневниот ред на претстојната седница, туку ќе бидат разгледани на наредната седница на ННС.

Член 18

Материјалот за секоја седница на ННС по правило содржи: записник од претходната седница на ННС, а по потреба и материјали за кои според предложениот дневен ред треба да се расправа на седницата.

Член 19

Деканот на Факултетот ја доставува поканата за седница со дневен ред, заедно со материјалите за кои според предложениот дневен ред треба да се расправа на седницата до членовите на ННС на Факултетот по електронски пат, по правило 5 (пет) дена пред нејзиното одржување, а најдоцна 2 (два) дена пред одржувањето на седницата.

Материјалите за седницата по исклучок можат да се доставуваат и на седница на ННС. Материјалот за седницата на ННС се доставува и до други повикани на седницата (ментори, надворешни наставници и др.), доколку такви лица се повикуваат.

Член 20

Во случаи на итна и неодложна потреба за свикување на седница на ННС на Факултетот, деканот односно продеканот на Факултетот седницата на ННС на Факултетот може да ја свика и во пократок временски рок, дневниот ред се предлага на седницата, членовите на ННС се должни да ги одложат своите ангажмани и обврски.

IV ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦА НА ННС

Почеток на седницата

Член 21

Членот на ННС може да отсуствува од седницата на ННС само од оправдани причини.

Член 22

Како оправдани причини за отсуство на седница на ННС се сметаат и тоа:

–болест на наставникот, претставникот на студентите или на член на потесното семејство;

– присуство на конференции, собири, симпозиуми и сл. во земјата или во странство;

– отсуство поради барање на надлежен орган на Универзитетот, државен орган (суд, обвинителство и сл.)

-и други оправдани случаи.

Во случај на спреченост да присуствува на седницата, членот на ННС е должен да го најави своето отсуство со известување упатено до деканот, односно продеканот на Факултетот, навремено пред одржувањето на седницата.

Отсуството го оправдува со приложување на докази за причините на отсуството. Доколку членот на ННС ја напушти седницата пред нејзиното завршување, тој е должен за тоа да го извести деканот, односно продеканот на Факултетот. Како неприсуство на седницата се смета и предвременото напуштење на седницата коешто не е најавено до деканот, односно продеканот на Факултетот пред почетокот на седницата на ННС.

Член 23

Деканот, односно продеканот на Факултетот ја отвора седницата на ННС на Факултетот и утврдува дали на неа присуствуваат доволен број на членови за работа и за полноважно одлучување, согласно со службената евиденција /списокот/.

Член 24

Доколку не е обезбеден кворум за работа и за полноважно одлучување на ННС определен со закон, Статутот на Универзитетот и другите акти на Универзитетот и Факултетот, деканот, односно продеканот на Факултетот ја одложува седницата на ННС.

Член 25

Доколку има кворум за работа и за полноважно одлучување, по предлог на деканот, односно продеканот на Факултетот, членовите на ННС на Факултетот го утврдуваат дневен ред на седницата со јавно гласање. Предложениот дневен ред се смета дека е прифатен/усвоен, ако го подржале мнозинството од присутните членови на ННС.

По исклучок, членовите на ННС на Факултетот на седницата можат да предлагаат измени и дополнувања на дневниот ред, но притоа се должни писмено или усно да ја образложат потребата од итното решавање на дадениот предлог.

Член 26

По утврдениот дневен ред деканот, односно продеканот на Факултетот може да го ограничи времето на траење на седницата на ННС на Факултетот.

Член 27

Деканот, односно продеканот/те на Факултетот во рамките на овластувањата и утврдената належност се должни на почетокот од седницата да ги запознаат членовите на ННС на Факултетот со состојбите на извршувањето на донесените акти од претходната седница на ННС на Факултетот.

Член 28

Пред да се премине на дневниот ред за седницата, членовите на ННС на Факултетот го усвојуваат записникот од претходната седница. Доколку од технички или од други оправдани причини записникот од претходната седница на ННС не се поднесе на усвојување, истиот се усвојува на наредната, односно на некоја од наредните седници на ННС на Факултетот.

Записникот на кој не се ставени забелешки, како и записникот со усвоените забелешки и извршените измени се смета за утврден и се усвојува со јавно гласање.

Записникот се смета за усвоен ако го поддржале мнозинството од присутните членови на ННС. Усвоениот записник од одржаната седницата на ННС на Факултетот го потврдуваат со своерачни потписи: деканот и секретарот на Факултетот, на кој се става и службениот печат и штембил на Факултетот, основен деловоден број и датум.

Одлучување

Член 29

ННС на Факултетот полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови. При изборот во: наставно-научни, насловни и соработнички звања и демонстратори на Факултетот не учествувуваат претставниците на студентите.

За донесување на: Статут на факултетот, избор на декан, избор на продекан, избор на сенатори, донесување на програма за научно-истражувачка работа, ННС на Факултетот може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат 2/3 (две третини) од вкупниот број на негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на ННС. Во работата на седницата на ННС на Факултетот учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

Член 30

Гласањето на седница на ННС може да биде: со јавно гласање или со тајно гласање. За избор и разрешување на декан, и за избор на сенатори ННС одлучува со тајно гласање.

Јавно гласање

Член 31

Гласањето по правило е јавно, освен ако тајното гласање не е пропишано со закон, со Статутот на Универзитетот или ако за тоа донесе одлука ННС на Факултетот.

Јавното гласање се врши со дигање на рака или поименично со прозивка, според службената евиденција/списокот на членови на ННС.

Членовите на ННС на Факултетот, при јавното гласање, гласаат на тој начин што се изјаснуваат „ЗА“ (ДА), „ПРОТИВ“ (НЕ) предлогот на актот или како „ВОЗДРЖАНИ“ од гласањето, во зависност од карактерот на прашањето за кое се гласа.

Член 32

На членот на ННС кој е оправдано или неоправдано отсутен од седницата на ННС не му е дозволено претходно да се изјаснува по одделна точка или точки од дневниот ред од седницата во писмена форма со затворен плик.

Член 33

По завршеното гласање, деканот односно продеканот на Факултетот ги утврдува резултатите од гласањето. Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на бројот на гласовите дадени „ЗА“ или „ПРОТИВ“ предлогот на актот и бројот на членовите кои се „ВОЗДРЖАНИ“ од гласањето. Предлогот на актот е прифатен и актот по предлогот е донесен, ако за него се изјаснило мнозинството од присутните членови на ННС на Факултетот. По завршувањето и утврдувањето на резултатите од гласањето, деканот/продеканот на Факултетот, односно претседавачот на седницата објавува каков акт е донесен.

Тајно гласање

Член 34

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња во кои се утврдени изборни правила, а го спроведува комисија составена од претседател и 2 (двајца) членови која по предлог на деканот, односно продеканот на Факултетот ја избира ННС на Факултетот.

Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и во иста боја.

На секое гласачко ливче во средината под текстот се става отпечаток на службениот печат на Факултетот.

Комисијата го спроведува и раководи со тајното гласање и се грижи за правилноста и тајноста на гласањето, изработка на гласачки ливчиња со предложените кандидати и водење на записник за текот и резултатите од гласањето.

Член 35

Пред да се премине на тајно гласање, претседателот на комисијата што го спроведува гласањето ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Гласачките ливчиња им се даваат на членовите на ННС на Факултетот и гласањето се врши со прозивка од страна на претседателот на комисијата, според списокот на членови на ННС на Факултетот кои имаат право на глас. Секој член на ННС кој има право на глас, гласачкото ливче го става во однапред подготвена, проверена и запечатена гласачка кутија.

Во гласачкото ливче, кога се предлага избор на носител на функција, се наведуваат функцијата и имињата и презимињата на кандидатите поименично, според азбучниот ред на нивните презимиња. Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број. При тајното гласање за избор на носител на функција, членовите на ННС на Факултетот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот. За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, непотполнетото гласачко ливче, ливчето во кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на ННС на Факултетот гласал.

Со исклучок на постапката за избор на членови на Универзитески сенат (сенатори), и постапката за избор на декан на факултетот, во останатите случаи ако никој, односно ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува само за непополнетите места, со други кандидати, односно за сите места со други кандидати, по иста постапка.

Член 36

Тајното гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите „ЗА“ и „ПРОТИВ“, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Член 37

По спроведеното тајно гласање, комисијата ја отвора гласачката кутија и ги утврдува резултатите од гласањето со пребројување на гласачките ливчиња и составува записник и ги соопштува/објавува резултатите пред членовите на ННС на Факултетот), а деканот/продеканот на

Факултетот ја формулира донесената одлука (дали е усвоен или одбиен предлогот на актот) од спроведеното тајно гласање и ја соопштува одлуката која се внесува во записникот), а потоа се утврдува, односно донесува содржината на соодветната одлука по конкретната точка од дневниот ред.

Одложување, прекинување и заклучување на седницата на ННС

Одложување на седницата на ННС

Член 38

Закажаната седница на ННС на Факултетот се одложува кога ќе се појават причини што го оневозможуваат одржувањето на седницата во закажаниот ден. Седницата на ННС на Факултетот се одлага и по нејзиното отворање, ако се утврди дека не присуствуваат доволен број на членови на ННС на Факултетот, за полноважна работа и одлучување.

Седницата на ННС на Факултетот ја одлага деканот, односно продеканот на Факултетот или претседавачот кој претседава со седницата на ННС на Факултетот.

Прекинување на седницата на ННС

Член 39

Седницата на ННС се прекинува во следните случаи:

– заради одмор (пауза) во текот на седницата;

– ако поради подолго траење на седницата таа не може да се заврши истиот ден;

– ако во текот на седницата бројот на присутните членови на ННС се намали пропишаниот број, за полноважно одлучување и

– ако дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а деканот, односно продеканот на Факултетот не е во можност со редовните мерки да воспостави ред на седницата.

Седницата на ННС ја прекинува деканот, односно продеканот на Факултетот. Прекинатата седница на ННС се продолжува најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прекинот.

Продолжувањето на седницата која е прекината поради случаите предвидени во став 1, алинеја 3 и 4 на овој член го закажува деканот, односно продеканот на Факултетот, со посебна покана.

Заклучување на седницата на ННС

Член 40

По завршување на претресот и одлучувањето по сите прашања што се на дневен ред на седницата, деканот односно продеканот на Факултетот јавно објавува дека дневниот ред е исцрпен, со што ја заклучува седницата на ННС. Еднаш заклучената седница на ННС не може да продолжи.

Одржување ред на седницата

Член 41

Членовите на ННС, поканетите и другите присутни на седницата на ННС се должни да одржуваат ред и да не го нарушуваат текот на одржувањето на седницата.

Член 42

За повреда на пропишаниот ред и за нарушување на текот на одржувањето на седницата, на присутните лица можат да им се изречат следните мерки:

– опомена;

– одземање на збор и

– отстранување од седницата.

Изречените мерки за повреда на редот на седницата се внесуваат во записникот од седницата.

Член 43

Опомената се изрекува на член на ННС и на друго присутно лице кое со своето однесување и со својот говор ги нарушува редот и достоинството на членовите и на другите присутни лица на седницата на ННС.

Одземањето збор се изрекува на член на ННС и на друго присутно лице кое со своето однесување и говор го нарушува пропишаниот ред на седницата, не се држи до утврдениот ред, не го почитува договореното време за дискусија и др., а веќе претходно е опоменато на истата седница.

Отстранување од седницата се изрекува на член или на друго присутно лице на седницата на ННС кое не постапува по налог на деканот, односно продеканот на Факултетот, а на кое веќе му е одземен збор или на друг начин грубо го нарушува и спречува пропишаниот ред на седницата.

Мерките опомена и одземање на збор ги изрекува деканот, односно во негово отсуство продеканот на Факултетот. Мерката отстранување од седницата на ННС ја изрекува ННС на Факултетот.

Изрекување на мерки поради неприсуство на седниците на ННС

Член 44

Против членовите на ННС кои не го најавиле своето отсуство или неоправдано отсуствувале од седниците на ННС на Факултетот, повеќе од два пати во текот на годината, деканот поднесува предлог до ректорот за изрекување на сооодветни мерки согласно Законот за високо образование и Законот за работни односи.

Записник од седницата на ННС

Член 45

За работата на седницата на ННС се води записник. За целосниот тек на седницата на ННС може да се врши тонско снимање на седницата по барање на деканот/продеканот. Записникот од седницата на ННС го составува секретар на Факултетот.

Записникот за седницата на ННС на Факултетот го содржи само битниот тек на седницата, а особено: означување на седницата (бројот на седницата сметано од првата одржана седница на ННС), денот кога се одржува седницата, часот - времето кога е започната седницата,, поименично и вкупниот број на: присутните членови, отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството, други присутни лица на седницата, податоци за усвојување на записникот од претходната седница, односно седници со евентуалните измени и дополнувања, усвоениот дневен ред за седницата, учесници во расправата, содржината, бројот на гласовите ЗА“, „ПРОТИВ“ и „ВОЗДРЖАНИ“ гласови, евентуално издвоени мислења на членови на ННС и за правните прашања на секретарот на Факултетот, времето кога седницата е завршена/ заклучена или прекината со наведување на причините за прекинот и други настани на седницата.

Член 46

Записникот од седницата на ННС своерачно го потпишуваат: деканот/ продеканот во зависност кој претседавал со седницата и секретарот на Факултетот.

Член 47

Секој член на ННС кој учествувал во расправата по определено прашање од дневниот ред може да побара неговата дискусија да се евидентира во записникот, само доколку тоа го најави на седницата. Членот на ННС во тој случај е должен до секретарот на Факултетот да достави авторизирана дискусија (во хартиена форма или по електронски пат) во рок од 3 (три) дена сметано од денот на одржувањето на седницата, во спротивно дискусијата нема да му се евидентира во записникот. Текстот на авторизираната дискусија е составен дел на записникот. За процедурални прашања секој член на ННС може да побара изјаснување за одредена точка од дневниот ред.

Известување на работата на ННС

Член 48

Сите донесени акти на ННС на Факултетот се доставуваат до соодветните служби на Универзитетот и до лицата на кои истите се однесуваат, по електронски пат и во хартиена форма.

Член 49

По барање на деканот на Факултетот, раководителите на внатрешно-организационите единици на Факултетот (катедри, оддели и сл.) се должни да поднесат извештај за својата едногодишна работа или извештај за пократок временски период.

III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Толкување на одредбите од овој Деловник дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Член 51

Овој Деловник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

Декан
Доц. д-р Горан Шибаковски с.р.